РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1347/5
23-06-2026

Врз основа на членовите 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата на 33 -та седница одржана на ден 11.06.2026 -година донесе:

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 08-1347/1 од 18.03.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1347/1 од 18.03.2026 година како завршен да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива, оформи предмет со број 08-1347/1 од 18.03/.2026 година поради неподнесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на лицето __________ по избор на функцијата член на совет на Општина ____________.

Државната комисија по извршен увид во базите на податоци со кои располага, констатираше дека _________________ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на избор на функцијата член на совет на Општина ___________, не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапил спротивно на одредбите од член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси со што сторила прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

За констатираниот прекршок Државната комисија издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1347/3 од 03.04.2026 година и истиот уредно го достави до сторителот на прекршокот. Истиот во рок од осум дена од денот на приемот на налогот го плати износот на глобата за прекршокот и достави доказ за извршената уплата.
И по платената глоба лицето нема поднесено Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: К.Б., соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор